**З А П И С Н И К**
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57- 33**
**Датум: 12.04.2024 година**

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година
viti

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Самостоен уметник – Музички изведувач МОДУЛАТРИКС ТП од Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. Дрезденска бр.12, Скопје |
| Адреса за е-пошта | modulatriks@gmail.com |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | / |
| Даночен број на субјектот | 5057020504234 |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Тутунска банка АД Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта modulatriks@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 11.04.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10:00 ч. | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 12.04.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13:00 ч. | |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | | |


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налог бр. 57-33 од 04.04.2024 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на корисникот Самостоен уметник – Музички изведувач МОДУЛАТРИКС ТП од Скопје од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по Иницијативата бр. 33-3207/1 од 06.03.2024г., поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Дарко Аџиевски, помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена начлен 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **112.000 денари,** од одобрените 160.000 денари согласно со Договорот бр. 33-3037/1 од 09.03.2023 г., за учество во финансирање на проектот – **Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments" во Културно-информативниот центар во Истанбул,** избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 година од областа на меѓународната дејност како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше субјектот на надзорот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта<br>modulatriks@gmail.com |
|---|---|---|

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица:

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| / | / | / |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

**- Проектот Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments"во Истанбул,** избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 година по дејности и областа на меѓународната дејност, а согласно со Решението УП1 бр. 2161 од 17.02.2023г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата за


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

2023 година во меѓународната дејност. Проектот Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments“ во Истанбул има за цел да се промовира врвното современо уметничко творештво надвор од границите на Северна Македонија, што често претставува предизвик за домашните музичари на сцената заради недостаток на средства и недоволно изградени мрежи на подддшка на современи музичари кои се актуелни на домашната сцена. Музичкиот состав од авторите , во различни состави музицираат заедно на музичката сцена почнувајќи од 1993 година.

- Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр. 33-3037/1 од 09.03.2023г., за учество во финансирање на проектот- Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments“ во Културно-информативниот центар во Истанбул, избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 година од областа меѓународната дејност а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 160.000 денари.

- Со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 33-3037/2 од 30.03.2023 г., корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот **Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments“, ќе се реализира Истамбул, Турција од 01.04.2023 до 30.06.2023г,.** Исто така, наведено е дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **1.Патни трошоци (авионски билети и сместување) во износ од 80.000 денари; 2.Дневници за 4 лица за три дена во Истанбул во износ од 80.000 денари, вкупно трошоци во износ од 160.000 денари.** Во прилог на Оперативниот и финансиски план доставена е Изјава од 20.03.2023 г., од правниот застапник , за наменско користење на средствата.

- Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање,


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

утврдено е дека е постапено односно Образецот за наративен и финансиски Извештај е доставен на ден 25.12.2023 година заведен под бр. 33-11574/1 од истиот датум, во прилог со целовкупната документација.

- Со Решението за преведување на средства бр. 33-3037/3 од 06.04.2023 година, на корисникот Самостоен уметник – Музички изведувач МОДУЛАТРИКС ТП од Скопје за проектот *Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments“*, му е исплатен прв дел од средствата во износ од **112.000 денари**.

- На денот на инспекцискиот надзор на 11.04.2024 година, од страна на одговорното лице , беше изјавено е дека проектот *Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments“* е реализиран *во Истанбул* и истиот е одржан во Џез клубот BOVA на 24 септември. Иако првично било планирано проектот да реализира во КИЦ во Истанбул, од господин беше констатирано дека условите во просторот предвидени за музичката изведба не соодветствуваат на видот на музиката која се изведува во рамки на составот LARTA заради комплексноста од потребната опрема како и јачината на звукот на музичките инструменти, поради тоа беше одлучено концертот да се одржи во Џез клубот BOVA, кој што е мал џез клуб во кој се презентира џез музика во живо секоја вечер со најдобрите џез музичари низ Турција. За време на промотивниот концерт LARTA, клубот беше исполнет со сиот свој капацитет од 40 посетители кои го проследија концертот.

Од документацијата презентирана при инспекцискиот надзор, утврдено е дека за реализација на проектот **Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments“ во Истанбул,** од преведените средства во износ од **112.000 денари** корисникот потрошил средства по следните износи и намени и тоа:

1. **62.250 денари** за авионски билети Скопје - Истанбул на 23 Септември и Истанбул - Скопје на 25 Септември; за патници:

2. **24.208 денари** за сместување во Истанбул, резервирано преку Booking.com, Hotel Pera Parma Istanbul, Turkey, од 23 септември до 25 септември за 4 лица;
3. **19.589 денари** за дневници за 4 лица вклучени во проектот, во прилог доставени извод бр.31 на износ 2.318 денари, извод 32 на износ 5.238 денари, извод 33 на износ од 5.333 денари, извод бр.35 на износ од 6.700 денари во прилог со фискални и сметко-потврди;

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

- Проектот **Промоција на музичкиот проект „LARTA: Fragments“ во Истанбул** на корисникот Самостоен уметник – Музички изведувач МОДУЛАТРИКС ТП од Скопје е реализиран и истиот е одржан во Џез клубот BOVA во Истанбул на 24 септември, а дел авансно преведените средства во износ од **106.047 денари** се потрошени наменски согласно со Договорот бр. 33-3037/1 и Оперативниот и финансиски план бр. 33-3037/2, а дел се вратени во Буџетот на РСМ за време на инспекцискиот надзор со што во прилог е доставена уплатница од НЛБ Тутунска банка од 11.04.2024 година на износ од **5.953 денари,** оттука е утврдено дека проектот е реализиран во рамките на преведените средства од страна на МК и без ненамирени обврски.

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

**Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | МОДУЛАТРИКС Скопје | Печат и потпис на инспекторот за Дарко Аџиевски, помошник инспектор за култура | |
| Датум: | 15.04.2024 г. | Датум: | 12.04.2024 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записникот, да се наведат причините.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk